ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 26 ДАТА 06.07.2016 ГОДИНА 34

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 26 ДАТА 06.07.2016 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- РЕШЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНСИРАЊЕ НА ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ
Дополнување на документација од
Седница од 28.06.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Обрегон Куинонес Џон Адолфо од ФК „Депортиво Бојако Чико„ од Колумбија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионален договор:**

ФК „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Обрегон Куинонес Џон Адолфо склучија договор за професионално занимавање со фудбал вс времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2018 година.

Седница од 05.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Стојаноски Н. Филип од ФК „Еуромилк ГЛ„ од Скопје, Јовановски И. Никола од ФК „Спорт Ефе-Вардар„ од Скопје, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудбалерот Сукара Д. Стефан од ФК „Мелалург АД„ од Скопје поради преминувањее со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ
Седница одржана на ден 05.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ДРАГОН 2914„ Скопје: Трајковска С. Николина од ЖФК „Конзули„ од Битола, по член 35/10.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Кисела Вода„ од Скопје фудбалерите: Велјановски И. Димитар и Шитраковски Р. Петар од ФК „Еуромилк ГЛ АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА
Седница од 28.06.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран: Кокаловска Т. Сашка од ЖФК „Топ Гол„ од Битола, по член 35/10.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

Седница од 29.06.2010 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ОФК „МАЛЕШ„ Берово: Аврамовски В. Киро, по член 35/1.

Дојовски И. Васко, Ѓорѓиевски Д. Виктор, Брндевски З. Бобан, од ФК „Малеш 1919„ од Берово, по член 35/4.

Шонтевски Б.Илија од ФК„Академија Пандев„ Струмица, чл. 35/3.

ФК „ЧЕШИНОВО 2015 „ с. Чешиново: Ефремов Б. Славче од ФК „Чешиново„ од с. Чешиново, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кочани фудбалерите: Стојчевска Л. Сара, Веселинова В. Симона, Милановска В. Александра од ЖФК „Младост Иднина„ од с. Оризари, Стојановска С. Катерина и Милеска В. Катерина од ЖФК „Кочани„ од Кочани, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалоски сојуз.

Седница од 04.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ОФК „МАЛЕШ„ Берово: Папалиски Д. Кирил, Гоцевски С. Михајло, Петар Д. Боболински и Кракутовски С. Никола, по член 35/1.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

Седница од 05.07.2016 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Гигов Х. Филип, по член 35/1.

Величков И. Влатко од ФК „Академија Постолов„ од Штип, Далчевски Т. Александар, од ФК „Младост АД„ од с. Царев Двор, Јовановски Б. Мирослав од ФК „Работнички АД„ од Скопје и Кобетиќ З. Матија од ФК „Вардар АД„ Скопје, чл.35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Штип фудбалерите: Митев С. Дарко од ФК „Дузлак 2013„ од Штип, Михаилов Г. Михајло и Стојанов К. Дарко од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, поради преминување со ретистрација на територија на друг ОФС

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Петров К. Томица од ФК „Едесаикос„ од Едеса, Грција за ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, по член 35/11 бидејќи нема сертификат и професионален договор.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 11-1004/4
04.07 2016 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 65 од Статутот на ФФМ и член 32 од Правилникот за организација на ФФМ, врз основа на член 5в став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кармен Цилакова – член, Раде Трајковски-член постапувајки по барањето за промена на седиште бр. 11-1004/1 од 27.06.2016 година поднесено од Здружение на граѓани Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци, Скопје, со адреса на ул. 7 бр. 42 Љубанци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327, на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето за промена на седиште 11-1004/1 од 27.06.2016 година поднесено од ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци, Скопје, со адреса на ул. 7 бр. 42 Љубанци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327.

2. **СЕ ОДОБРУВА** , Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци Скопје да отпочне постапка за промена на седиште и промена на Општински фудбалски сојуз од ОФС Скопје во ОФС Кавадарци.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци Скопје да достави Решение за извршена промена на седиште од Централен Регистар на РМ, веднаш по уписот, а не покасно од 30 дена пред почеток на есенскиот дел од првенството.

4. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци Скопје да ја следи понатамошната постапка согласно член 5в став 5 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

5. Решението стапува на сила веднаш, а ќе биде објавено во Макфудбал.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 28.06.2016 година, го разгледа бр. 11-1004/1 од 27.06.2016 година поднесено од Здружение на граѓани

Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 с. Љубанци, Скопје, со адреса на ул. 7 бр. 42 Љубанци, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327 за промена на седиште.

Барателот со доставеното барање бр. 11-1004/1 од 27.06.2016 година и прилозите кон истото ја извести Комисијата за намерата за промена на седиште и побара одобрение за промена на седиштето на клубот од с. Љубанци во Кавадарци. Со барањето Барателот приложи:

- Одлука за промена на седиште на клубот заведена под бр. 127/3 од 25.06.2016 година, донесена од страна на Собранието на клубот.
- Потврда од ОФС Кавадарци заведена под бр. 19/16 од 28.06.2016 година.
- Потврда од општина Кавадрци со број 09-3453/1 од 04.07.2016 година.

По разгледување на доставената документација Комисијата ја констатираше следната фактичка состојба.

Барателот е клуб кој се натпреварува во Втора МФЛ. Одлуката за промена на седиште на клубот заведена под бр. 127/3 од 25.06.2016 година донесена од страна на Собранието на клубот. Потврда од ОФС Кавадарци заведена под бр. 19/16 од 28.06.2016 година со која се потврдува дека ОФС Кавадарци ќе го прими Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974 како свој член и дека на подрачјето на ОФС Кавадарци нема друг клуб со исто име како барателот.

Како главна причина за промена на седиштето барателот првенствено ги наведува инфраструктурните услови, имено немањето на сопствен терен за одигрување на фудбалските натпревари поради што имаат финансиски издатоци за одигрување на натпреварите со што е отежнато финансирањето на клубот. Клубот во своето барање наведува дека Општина Кавадраци и ФК Тиквеш 2014 се согласни да му го отстапат Градскиот стадион за одигрување на фудбалските натпревари.

Воедно од страна на клубот е наведено дека имаат поголеми можности за финансирање од бизнис секторот во Кавадарци, со чија помош во голема мера би се подобриле условите за работа во клубот.

Согласно член 5в став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери е утврдено „Клуб може да го промени седиштето на територија на друг ОФС најдоцна 30 дена пред почеток на натпреварувачка сезона односно пред добивање на лиценца за натпреварување во Прва/Втора МФЛ доколку за тоа постојат посебно оправдани причина за кои цени надлежен орган во определена постапка и тоа: за клубови од Прва и Втора МФЛ од Комисијата за лиценцирање

на ФФМ; и за клубови од Трета и Општинска лига од Комисијата за регистрација на соодветниот ОФС„

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека се исполнети условите од член 5в став 4 од Правилникот за регистрација,статус и трансфер на фудбалери по што донесе решение како во диспозитивот.

Комисија за лиценцирање
Претседател,
Александар Најдовски

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од приемот на решението до Комисија за жалби за лиценцирање на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 денари на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

ДН:
- Фудбалски клуб ФК Љубанци – 1974
- ОФС Скопје
- ОФС Кавадарци
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**